# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на членовите 203 и 218 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15), член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/08 и 85/09) и член 122 од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11, 5/13, 172/14, 118/15, 3/16 и 75/16), Министерството за здравство и репрезентативниот Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, на 22 јули 2016 година, склучија

# АНЕКС
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11, 5/13, 172/14, 118/15, 3/16 и 75/16), во членот 2 по зборот „лице“ се става запирка и се додаваат зборовите „казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив,“.

**Член 2**

Во членот 61-д во ставот 1 по зборовите „клинички болници“ се додаваат зборовите „како и за здравствените работници кои имаат засновано работен однос во казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив,“.

Во ставот 3 по зборовите „Институт за јавно здравје“ се додаваат зборовите „како и за здравствените работници кои имаат засновано работен однос во казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив,“.

Во ставот 7 по зборовите „клинички болници“ се додаваат зборовите „како и за здравствените работници кои имаат засновано работен однос во казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив,“.

Во ставот 9 по зборовите „Институт за јавно здравје“ се додаваат зборовите „како и за здравствените работници кои имаат засновано работен однос во казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив,“.

**Член 3**

Во членот 68 став 2 по зборовите „јавна здравствена установа“ се додаваат збоворите „како и здравствените работници кои имаат засновано работен однос во казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи, во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив,“.

**Член 4**

Овој Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-72/1
22 јули 2016 година
Скопје
Самостоен синдикат за
здравство, фармација и
социјална заштита на
Република Македонија
Претседател,
д-р **Љубиша Каранфиловски,** с.р.

Бр. 17-6217/1
22 јули 2016 година
Скопје
Министерство за здравство
на Република Македонија
Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.